**КОМОРА**
**на Сарагоса**

**СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ**
**КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА**
**ВОДЕЧКА БИЗНИС МРЕЖА НА МАКЕДОНИЈА**

меморандум

# Меморандум за Соработка
# помеѓу
## Трговската комора на Македонија при Сојузот на стопански комори на Македонија – Македонија и
## Комората за стопанство и индустрија на Сарагоса – Шпанија

**Трговската комора на Македонија при Сојузот на стопански комори на Македонија и Комората за стопанство и индустрија на Сарагоса, дадени понатаму во текстот поединечно како "Договорна страна„ и општо како "Договорни страни„,**

Стремејќи се кон поттикнување на развојот и разновидноста на стопанската размена и на економската соработка, за да уживаат во пропорционалните предности за фирмите членки, се договараат:

1. Договорните страни ќе поттикнуваат и овозможуваат, согласно со важечкото законодавство на двете држави, активности кои доведуваат до унапредување и развој на стопанската размена и на економската соработка помеѓу заинтересираните фирми, почитувајќи ги постоечките спогодби и конвенции помеѓу двете земји.
   За таа цел, Договорните страни ќе поттикнуваат и овозможуваат потпишување на договори и други стопански спогодби за економска соработка, подеднакво помеѓу фирми од двата града, Скопје и Сарагоса, како и помеѓу Македонија и Автономната Покраина Арагон, со цел да се лансира надворешното стопанство и меѓународната економска соработка.

2. Понатаму, Договорните страни ќе вложат напор во идентификување на модалитетите за унапредување и развој на стопанската размена и економската соработка. За таа намена, Договорните страни ќе реализираат истражувања на пазарот и јавна објава согласно со ресурсите кои ги поседуваат.

3. Договорните страни тесно ќе соработуваат како партнери за да ги добијат, управуваат и да ги применат Програмите на ЕУ, изработувајќи ги неопходните проекти за искористување на европските фондови за финансирање.

4. Договорните страни ќе соработуваат во процесот на добивање владини фондови за реализација на заеднички проекти.